**20260741157**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Врз основа на член 110 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25, 269/25 и 62/26), министерот за социјална политика, демографија и млади, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/25), во член 1 по делот „НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, ДИСТРИБУЦИЈА И ПРОМЕТ“ се додава нов дел „ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА“ и нов наслов „Противпожарна единица“ со три работни места, кои гласат:

„ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

Противпожарна единица

заменик командир на пожарна 12/15

водач на смена 12/15

пожарникар 12/15”

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-1250/3
1 април 2026 година
Скопје

Министер
за социјална политика,
демографија и млади,
**Фатмир Лимани,** с.р.